ДС СМИТХ
-АД- Скопје
Бр. 03-2716
17.05. 2018 год.

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ ЗА 2017 ГОДИНА

DS Smith

**Содржина:**

1. ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ - ПРОФИЛ ........ 3
2. ОРГАНИЗАЦИСКА И УПРАВУВАЧКА СТРУКТУРА ........ 4
3. ВИЗИЈА И МИСИЈА ........ 5
4. МАКРОЕКОНОМСКИ ИНДИКАТОРИ ........ 5
5. СТРУКТУРА НА КАПИТАЛОТ ........ 6
6. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА ........ 7
7. ЗНАЧАЈНИ КОРПОРАТИВНИ АКТИВНОСТИ ВО 2017 ГОДИНА ........ 7
8. ЦЕЛИ ЗА 2018 ГОДИНА ........ 7
9. ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ ........ 8
10. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК ........ 9
11. КЛУЧНИ ИНДИКАТОРИ ЗА РАБОТЕЊЕТО ........ 10

   I. *Остварено производство во Амбалажа и Сервис Хартија*
   II. *Финансиски индикатори за Амбалажа и Сервис Хартија*
   III. *Учество на пазарот и анализа на асортиман за Амбалажа и Сервис Хартија*
   IV. *Остварен финансиски резултат*
   V. *Значајни инвестиции во 2017 година*
   VI. *Зделки со заинтересирани страни*
   VII. *Кредитна задолженост*
   VIII. *Надоместоци на менаџмент тим*

## I. ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ – ПРОФИЛ

Акционерското друштво ДС СМИТХ АД Скопје (поранешна Комуна АД Скопје), е основано во 1947 година, и е најстар и водечки капацитет со долгогодишна традиција во областа за производство на хартија и амбалажа во Република Македонија. Во 2017 година одбележува 70 години од своето постоење.

Започна како скромен колектив, со 300 тони годишен производ, но преку постојани трансформации во периодот на шест децениски развој Компанијата прерасна во државен и регионален лидер.

Од Јуни 2000 година Комуна АД е составен дел од концернот "Valkarton" од Република Словенија, со превземање на мнозинскиот пакет акции од 53,53%.

Во процесот на глобализација и организирање на пазарите, од Април 2002 година доминантен сопственик на Valkarton со 98,6%, станува компанијата "Belišće" од Хрватска, а со тоа и на Комуна АД Скопје. Членството во оваа групација значеше чекор напред кон поквалитетно работење, нова технологија, трансфер на знаење и искуства, пристап до странските пазари.

Во Мај 2010 година мултинационалната компанија Duropack со седиште во Виена, Австрија, го откупи мнозинскиот дел од акциите на групацијата "Belišće", со што и Комуна АД Скопје стана дел од оваа групација ориентирана кон производство на хартија и амбалажа. Од Јуни 2012 година Комуна АД Скопје се ребрендираше во Дуропацк АД Скопје.

Во 2015 год. DS Smith Packaging South East се стекнаа со 226.183 обични акции кои претставуваат учество од 81,06% од акциите со право на глас.

Работата на Друштвото денес е организирана на современ начин во две деловни единици – профитни центри:

- Производство на картонски плочи и картонска амбалажа (широк асортиман на плочи, кутии и земјоделски гајби); и
- Откуп, складирање и управување со стара хартија.

Со континуирана примена на политики и постапки во работењето во согласност со домашни и меѓународни стандарди, принципи и најдобри пракси, Друштвото се стреми да се развие во високопрофитабилен производен капацитет на долг рок, со меѓународна

препознатливост, признато како водечко независно Акционерско друштво што работи на територијата на Република Македонија и со еднаков третман на сите купувачи нудејќи им универзален асортиман на внимателно одбрани квалитетни производи.

## II. ОРГАНИЗАЦИСКА И УПРАВУВАЧКА СТРУКТУРА

ДС СМИТХ АД Скопје има транспарентна хиерархиска структура што јасно го определува нивото на одговорности и овластувања, како и линиите на контрола и проверки при секојдневното извршување на задачите. Односите помеѓу различните носители на управување и раководење (Собрание на Акционери, Управен Одбор и Надзорен Одбор) се утврдени со Статутот на компанијата. Со компанијата се управува преку статутарно утврдени органи со права и обврски во согласност на Законот за акционерски друштва.

<u>Шема на организациона поставеност:</u>




**Надзорен одбор:**
Жан Лиенхардт- Претседател
Елмар Бидерманн – Член
Золт Фекете – Член
Јонче Јачев – Независен член

**Управен одбор:**
Олгица Кржева –Претседател
Зоран Трнавац – Член

Дарко Калчев – Член

**Овластени лица:**
Олгица Кржева – Прв Генерален Директор
Зоран Трнавац – Втор Генерален Директор

**Прокуристи:**
Љуба Томова – Директор на QMS / CIP

## III. ВИЗИЈА И МИСИЈА

### Мисија

Нашата мисија е производство на брановиден картон и амбалжни кутии и собирање на рециклирана хартија во амбиент кој се темели на долгогодишно знаење и искуство на вработените, нудејќи им партнерство и иновативни решенија на своите купувачи, на нашите сопственици долгорочен раст и континуиран профит, а на нашата заедница допринос во заштитата на животната средина.

### Визија

Нашата развојна политика е да ја задржиме лидерската позиција на македонскиот пазар како и да го зголемиме својот удел во соседството, кое нешто може да го направиме со:

- Купувачите со кои создаваме партнерски односи исполнувајќи ги нивните барања, настапувајќи искрено и со почит.
- Развој на производите нудејќи иновативни решенија со задоволувачки квалитет.
- Со изградба на флексибилна организација и лесно прилагодлива кон исполнувањата на барањата на купувачите, а безбедна и сигурна за нашите вработени.
- Мотивација, едукација, континуирано подобрување и ориентирање кон тимско работење на вработените се наши алатки во постигнувањето на целта.
- Постојано ќе делуваме на намалување на трошоците и природните ресурси.
- Ќе работиме одговорно се со цел обезбедување на одржливиот развој на компанијата, заедницата и државата.

## IV. МАКРОЕКОНОМСКИ ИНДИКАТОРИ

Економскиот амбиент во Република Македонија во текот на 2017 година го карактеризираат следните макроекономски показатели:

- Индексот на индустриското производство во периодот јануари-декември 2017 година во однос на истиот период 2016 година изнесува 100,2.
- Просечната стапка на инфлација во 2017 година изнесува 1,3 %.

Во текот на 2017 година ДС СМИТХ АД Скопје работеше согласно Деловната политика за 2017 година и стратешките насоки. Во текот на годината, со промена на економските услови во кои работеше Друштвото, соодветно се прилагодуваа тековните активности и финансиската политика на Друштвото.

## V. СТРУКТУРА НА КАПИТАЛОТ

Основната главница на Друштвото од 7.131.240 € е поделена на 279.000 обични акции.
Номиналната вредност на една акција изнесува 25,56 €.
Пазарната вредност на акцијата на 31.12.2017 година изнесуваше 8,05 €.
Структурата на сопственичките односи во капиталот на Друштвото е следна:

- 81,31% обични акции од вкупниот број на акции поседува DS Smith Packaging South East
- 18,69% од акциите се во сопственост на ситни акционери, како физички, така и правни лица.



## VI. ИЗВОРИ НА СРЕДСТВА

ДС Смитх АД Скопје, во 2017 година во своето работење се финансира од сопствени извори на средства и состојбата за обврските по основ на кредити е непроменета во однос на 2016 година.

## VII. ЗНАЧАЈНИ КОРПОРАТИВНИ АКТИВНОСТИ ВО 2017 ГОДИНА

- Во изминатата година ДС СМИТХ АД Скопје успешно се сертифицираше по новите стандарди за квалитет и Животна средина

  **Quality Management System – ISO 9001:2015**
  **Environmental Management System - ISO 14001:2015**
  **Occupational Health and Safety BS OHSAS 18001:2007**

- За успешното одржување на стандардот за квалитет се здоби со признание од Quality Austria.
- Исто така, во изминатат година се сертифицираше и се здоби со уште еден стандард и тоа **FSC CoC.**
- Дефектажа на машина за производство на брановиден картон (Велпап), со цел замена на критични делови, кои во мометот влијаат на квалитетот на изработениот полупроизвод, односно готов производ. По замената на овие делови, која се очекува да се реализира во втората половина на 2018 година, се очекува подобар квалитет на полупроизводот, односно готовиот производ, и зголемување на ефикасноста и ефективноста во Производството.
- Одбележување на јубилеј 70 години постоење на ДС СМИТХ АД Скопје.
- Континуирана соработка со Училиштата и Универзитетите во Република Македонија, со што се одржува епитетот на Општествено одговорна компанија.

## VIII. ЦЕЛИ ЗА 2018 ГОДИНА

- Континуирано усовршување, оптимизирање и прилагодување на организацијата на работењето, усогласување со пазарните потреби и услови, стратешки цели и задачи;
- Нова динамична и флексибилна организациона поставеност во склад со политиките и стандардите на ДС Смитх;
- Максимизирање на профитабилноста на работењето со преземање прифатливи ризици со искористување на постоечката технологија;

- Одржување на вредноста на капиталот и нејзино зголемување;
- Зацврстување на ДС СМИТХ АД Скопје како водечки капацитет во дејноста во Република Македонија;
- Понуда на различни видови квалитетна и еколошка амбалажа согласно техничко-технолошките капацитети на компанијата;
- Менаџмент на човечки ресурси што ќе обезбеди повисок квалитет на услуги;
- Продолжување на процесот на обука и ангажирање во секојдневото работење на млади кадри.

## IX. ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Компанијата ДС СМИТХ АД Скопје, се темели на долгогодишно искуство и знаење на вработените кои со својата флексибилност и лесна прилагодливост создаваат иновативни производи со квалитет кој ќе ги исполни очекувањата на нашите купувачи. Производите и процесите континуирано ги следиме, мериме и подобруваме.

Приоритетна цел на ДС Смитх АД Скопје е насоченост и посветеност кон **купувачите** и исполнување на барањата и потребите на купувачите со што ќе се зголеми нивното задоволство и долгогодишна соработка.

**Нашите вработени** се ориентирани кон тимска работа и се високо компетентни за значењето на нивните активности во исполнување на целите за квалитет. Нашите вработени се мотивирани и желни да учат, за што се наградувани со разни видови на признанија. Одговорното работење ќе придонесе, да се зголеми задоволството на вработените.

**Добавувачите** ги избираме на основа на нивните способности да ги исполнат нашите барања, а ќе набавуваме само од проверени добавувачи, земајќи ги во предвид заедничките интереси и политиката на ниво на групација.

Со својата работа ќе придонесеме за создавање на додадена вредност, добивка за **сопственикот и акционерите.**

Градиме **Здрава и безбедна работна средина** за нашите вработени,посетители и соработници со доследна примена на законската регулатива, поставувајќи цели кои ги следиме и ја мериме нивната ефикасност, идентификувајќи ги сите ризици кои можат да имаат влијание на работната средина.

**Заштита на животната средина** ја спроведуваме со идентификација на сите аспекти кои имаат или можат да имаат влијание на животната средина, нивно следење и превентивно делување во спречување на загадувањето, контролирано постапување со отпадот, доследна примена на законската регулатива и намалување на потрошувачката на природни ресурси.

Политиката за интегриран систем се однесува на системот за квалитет, системот за безбедност и здравје при работа, системот за животна средина кои имаат фундаментално значење за ефикасно и ефективно работење за задоволување на барањата на купувачите,вработените, добавувачите, акционерите и државата.

## X. УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК

Во своето работење Друштвото е изложено на повеќе видови на финансиски ризици како што се пазарен ризик (ризик од промена на девизните курсеви, пазарните вредности и цените), кредитен ризик, ризик од неликвидност и каматен ризик. Пристапот на Друштвото во управување со финансиски ризик е насочено кон проценка на непредвидливоста на финансискиот пазар и настојува да изнајде начин за навремено минимизирање на потенцијалните негативни ефекти. Управувањето со ризикот го врши Финансискиот сектор, а врз основа на политиките одобрени од Управниот Одбор.

Пазарен ризик

а) Ризик од промена на девизниот курс
Друштвото е вклучено во меѓународни трансакции и е изложено на ризик од промена на девизните курсеви, како резултат на изложеност на домашната валута во однос на различните странски валути.
За да се намали изложеноста на девизниот ризик, Друштвото спроведува политика со која се настојува да се обезбедат доволно девизни средства на девизните сметки во банките, со цел истите да бидат искористени за плаќање на тековните обврски спрема странските добавувачи во моментот на нивното доспевање.

б) Ризик од промена на цените
Друштвото е изложено на ризик од промена на пазарната вредност на вложувањата расположливи-за- продажба. Друштвото не е изложено на ризик од промена на цената на готовите производи.

Кредитен ризик

Друштвото нема значајна концентрација на кредитен ризик. Воспоставените политики и процедури овозможуваат продажба на купувачи со соодветна кредитна историја. Побарувањата од купувачите се состојат од голем број на салда. На тој начин, управувањето со кредитниот ризикв клучува политика на разумно намалување и дисперзија на концентрацијата на побарувањата во портфолиото на клиентите.

Ризик од неликвидност
Ризикот од неликвидност се управува преку обезбедување на доволни количества на готовина, можност за обезбедување на средства за кредитирање на операциите на Друштвото.

Каматен ризик
Друштвото не поседува значајни финансиски средства кои би обезбедиле принос на камати, така што готовинскиот тек на Друштвото не е под влијание на промените на пазарните каматни стапки.

Друштвото е изложено на каматен ризик за долгорочните и краткорочните кредити. Друштвото нема посебна политика за намалување на каматниот ризик, и истиот го регулира во директни преговори со банките.

## XI. КЛУЧНИ ИНДИКАТОРИ ЗА РАБОТЕЊЕТО

### *I. Остварено производство во Амбалажа и Сервис Хартија*

- Амбалажа




| | Јан | Фев | Мар | Апр | Мај | Јун | Јул | Авг | Сеп | Окт | Ное | Дек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Производство 000' m2 | 1.660 | 2.031 | 2.302 | 1.844 | 2.448 | 2.124 | 2.187 | 2.272 | 2.504 | 2.683 | 2.648 | 2.331 |
| Производство 000' kg | 781 | 971 | 1.046 | 822 | 1.112 | 961 | 957 | 984 | 1.197 | 1.432 | 1.278 | 1.067 |

- Сервис Хартија




| | Јан | Фев | Мар | Апр | Мај | Јун | Јул | Авг | Сеп | Окт | Ное | Дек |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Производство во тони | 1.021 | 1.522 | 1.722 | 1.458 | 1.602 | 1.614 | 1.543 | 1.557 | 1.712 | 1.922 | 2.166 | 2.492 |

## II. *Финансиски индикатори за Амбалажа и Сервис Хартија*

| Во '000 ЕУР | Амбалажа | Сервис Хартија | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Приходи | 9.222 | 2.932 | 12.155 |
| Потрошени суровини и материјали | -5.872 | -1.819 | -7.691 |
| **Трошоци за превоз** | **-294** | **-304** | **-598** |
| Трошоци за вработени | -1.176 | -238 | -1.413 |
| **Трошоци за енергија** | **-227** | **-61** | **-288** |
| **Останати варијабилни трошоци** | **-400** | **-78** | **-478** |
| **Трошоци за одржување** | **-111** | **-29** | **-140** |
| **Останати фиксни трошоци** | **-290** | **-40** | **-330** |
| **Останати приходи и расходи** | **-34** | **-24** | **-58** |
| **EBITDA** | **819** | **340** | **1.159** |
| **Трошоци за Амортизација** | **-345** | **-18** | **-364** |
| **EBITA** | **474** | **321** | **795** |
| **Останати трошоци** | | | **381** |
| **Добивка пред оданочување** | | | **414** |
| **Данок од добивка** | | | **-55** |
| **Нето Добивка** | | | **359** |

## III. *Учество на пазарот и анализа на асортиман за Амбалажа и Сервис Хартија*

- Амбалажа

| | 2017 | | | | 2016 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | '000 € | % | '000 m2 | % | '000 € | % | '000 m2 | % |
| Домашен пазар | 7.595 | 82% | 21.272 | 80% | 6.415 | 80% | 18.370 | 78% |
| Извоз | 1.677 | 18% | 5.261 | 20% | 1.618 | 20% | 5.287 | 22% |
| **Вкупно** | **9.272** | | **26.534** | | **8.033** | | **23.657** | |

| | 2017 | | | | 2016 | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | '000 € | % | '000 m2 | % | '000 € | % | '000 m2 | % |
| Кутии | 6.781 | 73% | 18.450 | 70% | 5.814 | 72% | 16.034 | 68% |
| Плочи | 2.491 | 27% | 8.084 | 30% | 2.219 | 28% | 7.623 | 32% |
| **Вкупно** | **9.272** | | **26.534** | | **8.033** | | **23.657** | |

- Сервис Хартија

| Откуп на стара хартија | 2017 | | | 2016 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Тони | 000 MKD | % | Тони | 000 MKD | % |
| Правни лица | 13.120 | 71.881 | 64% | 11.316 | 47.829 | 60% |
| Физички лица | 5.554 | 24.857 | 27% | 6.011 | 23.873 | 32% |
| Матична Фирма | 1.584 | 6.160 | 8% | 1.436 | 2.872 | 8% |
| Книжни кутии | 97 | 0 | 0% | 130 | 0 | 1% |
| **Вкупно** | **20.355** | **102.897** | **100%** | **18.893** | **74.574** | **100%** |

| Продажба на балирана хартија | 2017 | | | 2016 | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | Тони | 000 MKD | % | Тони | 000 MKD | % |
| ДС Смитх Бугарија | 17.324 | 151.616 | 85% | 17.749 | 137.335 | 94% |
| Умка Доо Белград | 0 | 0 | 0% | 41 | 479 | 0% |
| Фабрика Хартија Белград | 1.527 | 14.735 | 8% | 1.147 | 10.709 | 6% |
| Домашни купувачи | 1.477 | 13.110 | 7% | 0 | 0 | 0% |
| **Вкупно** | **20.329** | **179.461** | **100%** | **18.936** | **148.523** | **100%** |

## *IV. Остварен финансиски резултат*

Друштвото во 2017 година оствари нето добивка од 359.497 €. Распределбата на остварената нето добивка се усвојува на Собранието на Акционери.

## *V. Значајни инвестиции во 2017 година*

| Инвестиција | Вредност во '000 ЕУР |
|---|---|
| Емба Ретрофит | 59 |
| Плотер | 41 |
| Реконструкција на покрив | 38 |
| Реконструкција на валци на Велпап | 13 |
| Вкупно | 151 |

*VI. Зделки со заинтересирани страни*

| Назив на поврзана страна | Вредност '000 ЕУР | Основ |
|---|---|---|
| DS SMITH BELISCE CROATIA | 3.489,89 | Набавка на хартии |
| DS SMITH BULGARIA SA | 1.237,23 | Набавка на хартии |
| DS SMITH BULGARIA SA | 2.433,11 | Продажба на балирана хартија |
| DS SMITH GROUP IT | 125,51 | Трошоци за ИТ услуги |
| DS SMITH HELLAS S.A. | 75,42 | Набавка на хартии |
| DS Smith Marketing NV | 49,99 | Менаџмент и консултантски услуги |
| DS Smith Marketing NV | 10,80 | Префактурирање на локални трошоци на ДС СМИТХ АД Скопје |
| DS SMITH PACKAGING DOO KRUSEVAC | 155,65 | Набавка на хартии, плочи и готов производ |
| DS SMITH PACKAGING DOO KRUSEVAC | 861,98 | Продажба на Готов Производ |
| DS Smith Packaging Hungary | 3,16 | Менаџмент и консултантски услуги |
| DS SMITH PACKAGING NEDERLANDS | 29,99 | Менаџмент и консултантски услуги |
| DS SMITH PACKAGING SOUTH EAST | 214,12 | Менаџмент услуги, Камати по основ на кредити |
| DS SMITH PAPER KAYSERSBERG | 19,15 | Менаџмент и консултантски услуги |
| DS SMITH PLC | 43,86 | Менаџмент услуги и Интелектуална сопственост |
| DS SMITH PLC | 16,49 | Префактурирање на локални трошоци на ДС СМИТХ АД Скопје |
| DS SMITH SLOVENIJA DOO | 11,00 | Преса за Балирање |

*VII. Кредитна задолженост*

ДС СМИТХ АД Скопје во 2017 година исто како и во 2016 година има задолжување по основ на краткорочни кредити од поврзани страни во износ од 234.402.548 МКД, односно 54,20 % од Основната главнина на Друштвото.

*VIII. Надоместоци на менаџмент тим*

Заклучно со 31.12.2017, по основ на надомест за вработување за менаџмент тимот се исплатени вкупно 13.972.284 МКД. По основ на надоместоци за членство во Управен и Надзорен одбор, во 2017 година не се исплатувани надоместоци.

Претседател на Управен одбор на ДС Смитх АД Скопје

Друштво за производство на хартија и амбалажа ДС СМИТХ -АД- Скопје

Олгица Кржева